# А-дозвола за усогласување со оперативен план

| | |
|---|---|
| Име на компанијата: | Друштво за производство,промет и услуги **"ХРОМОС-ПЕСТИЦИДИ"**,Зоран Догазански и др. ДОО увоз-извоз Скопје |
| Адреса: | ул. Даме Груев бр.5/3, Скопје |
| Поштенски број и град: | 1000 Скопје |

Број на дозвола

{Бр}

# Содржина


Нацрт дозвола за усогласување со оперативен план....... i

Содржина....... ii

Вовед....... iii

Дозвола....... 1
1.Инсталација за која се издава дозволата....... 12

2 Работа на инсталацијата....... 14
2.1Техники на управување и контрола....... 14
2.2Суровини(вклучувајќи и вода)....... 15
2.3Технки на работа....... 16
2.4Заштита на подземните води....... 17
2.5Ракување и складирање на отпадот....... 18
2.6Преработка и одлагање на отпад....... 21
2.7Енергетска ефикасност....... 21
2.8Спречување и контрола на несакани дејствија....... 21
2.9Бучава и вибрации....... 22
2.10Мониторинг....... 23
2.11Престанок на работа....... 24
2.12Инсталации со повеќе оператори....... 25

3. Документација....... 26

4. Редовни извештаи....... 27

5 Известувања....... 29

6 Емисии....... 30
6.1Емисии во воздух....... 30
6.2Емисии во почва....... 33
6.3Емисии во вода(различни од емисиите во канализација)....... 34
6.4Емисии во канализација....... 36
6.5 Емисии на топлина....... 38
6.6Емисии на бучава и вибрации....... 39

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води....... 40

8 Услови надвор од локацијата....... 41

9 Оперативен план....... 42

10 Договор за промени во пишана форма....... 43

Додаток 1....... 44

Додаток 2....... 45

Речник на користени поими:

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите. |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа дозвола |
| **ГВЕ** | Гранични вредности на емисија |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Гранични вредности на емисија** | Масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на еден или повеќе временски периоди. |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстанција што може да биде емитирана во единица време. |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат ; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во писмена или електронска форма кој се бара со оваа дозвола |
| **I.S.EN** | Интернационален стандард ЕН |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за “индустриски не опасен отпад“ од член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски нео-пасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики од комуналниот отпад; |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за “инсталација“ од член 5 од Законот за животна средина :<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објекти-те, цевководите, машините, алатките, приватните железни споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |

| | |
|---|---|
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **ИСО** | Интернационална организација за стандарди |
| **К** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **kPa** | Кило Паскали. |
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеципочнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација чувствителни на бучава (ЛЧБ)** | Секоја резидентна куќа, хотел , болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **МДК** | Максимална дозволена концентрација на загадувачки материи во гасовите кои се емитираат. |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно вомесечни интервали. |
| **Надлежен орган** | Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри достапни техники |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот |
| **Одржува** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да извршува функцијата. |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за “Оператор” од член 5 од Законот за животна средина:<br>- секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за<br>активноста. |
| **Полугодишно** | Целиот или дел од периодите од 6 последователни месеци |
| **Постројка** | Секое место или простор употребен за преработување или пак третман на отпадот. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа дозвола се однесува на прилози поднесени како дел од оваа дозвола |
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа дозвола не кажува нештоспротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти. |
| **ПСОВ** | Пречистителна станица за отпадни води |
| **ПУЖС** | Програма за управување со животната средина |
| **ПУРЗ** | План за управување со ризикот по затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има дозвола/е овластена |

| | |
|---|---|
| | да работи. |
| **РЗПЗМ** | Регистер на загадувачи и пренос на загадувачки материи. |
| **РК** | Растворен кислород |
| **СЧ** | Суспендирани честички |
| **Санитарен/комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата. |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено. |
| **Стандардна метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. И.С. ЕН, ИСО, ЦЕН, БС или еквивалентно). |
| **СУЖС** | Систем за управување со животната средина |
| **ХПК** | Хемиска потрошувачка на кислород |
| **БПК** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ЦЕН (CEN)** | Comite Europeen De Normalisation – European Committee for Standardisation. |

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 51/2011, 123/2012 и 93/2013) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за “Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови ", до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

Инсталацијата "Хромос Пестициди" Доо, Скопје е лоцирана во близината на с.Батинци во местото наречено Караџица, покрај регионалниот пат Драчево-Батинци-Марков Манастир, од десната страна на патот, оддалеченост од 1km од раскрсницата Скопје-Драчево-МарковМанастир.

Инсталацијата работи од 1998 година кога е отпочнат процесот на препакување на прашкасти и течни формулации.Во 2004 година инсталирани се млинови за мелење во погонот за прашкасти препарати а во 2005 година отпочнуваат активностите на лабораторијаа каде се испитуваат физичките параметри на средствата за заштита на растенијата.

Основна дејност на инсталацијата "Хромос Пестициди" Доо Скопје,е производство и пакување на течни и прашкасти производи на инсектициди,фунгициди,хербициди и слични производи.Производството на предвидениот асортиман се остварува преку формулирање односно подготовка на производите за пакување и пакување на истите.При подготовка на формулацијата (композицијата) освен хомогенизација (мешање и разбивање) се врши и додавање на некои помошни компоненти со цел да се добијат производи подготвени за крајно паковање како што треба да излезе на пазарот.

Во инсталацијата постојат следните производни линии за производство на:

-течни производи,односно концентрати за емулзии и раствори на инсектициди,фунгициди,хербициди и слични производи,

-прашкасти производи,односно концентрати за суспензии и прашоци на инсектициди,фунгициди,хербициди и слични производи,

-производи во форма на желатинозна маса,паста,брикети,стапчиња или друга форма(оваа линија не е оперативна и истата треба да се реализира во иднина).

За следење на технолошките процеси во тек на производството, квалитетот на суровините и на готовите производи,обезбедена е соодветна лабораториска опрема,односно лабораторија за проверка на квалитетот на сите форми на производи.

Во инсталацијата постојат следните помошни објекти:

-Котлара,

-Компресорска станица,

-Резервоарско складиште за суровини,

-Резервоар за нафта.

Суровините за производство на хемикалиите за примена во земјоделска дејност се доопремуваат со камиони и цистерни.Суровините во цврста и течна состојба се складираат под настрешница,пакована во пластични,лимени и картонски буриња,како и пластична амбалажа за пакување на готов производ (шише,туба и буре). Инсталацијата како гориво употребува нафта за работа на котелот, а како помошни материјали употребува ДМ вода,компримиран воздух,масла и масти за подмачкување и ладење.Амбалажата од картон и печатен материјал(етикета и упаства) се складираат на одредени места во погонот.

Готовите производи (течни и цврсти) се складираат во магацин за готов производ.

Од настрешниците и магацинот до погоните,суровините и готовите производи се пренесуваат со вилушкар,а во производните погони се користи погонски лифт.

Отпадот кој се создава од инсталацијата главно е отпад од пакување.Неопасниот отпад се складира привремено на локацијата на посебно место и во соодветни контејнери за да  го превземе ЈП Дрисла или Комуна а додека опасниот отпад го превзема овластена фирма .

Во инсталацијата евидентирани се 3 испусти на отпадните гасови и загадувачки супстанции во воздухот и тоа:

-еден испуст е од котлара,

-еден испуст е од производната линија за прашкасти производи,

-еден испуст е од производната линија за течни производи.

Технолошките линии се изведени така да обезбедуваат максимална затвореност во процесот на производсто.Местата каде е можно излегување на прашина или гасови(пареи) се обезбедуваат со локална и со централна вентилација,односно инсталиран е систем за локално и централно отпрашување и систем за одгасување, поради што можноста за појава напотенцијална емисија е минимална.

Атмосферските отпадни води од локалитетот се собираат во една шахта пред инсталацијата и преку цевковод се испуштаат во Маркова река.Технолошките отпадни води кои се од повремен карактер и се генерираат од процесите на перење на опремата во технолошкиот процес (бункери,хомогенизатори,млинови,машини за пакување и реакторите) се собираат во бетонски(непропустлив)базен составен од 3 дела со вкупен капацитет од околу 45.000 l и истиот по потреба се превзема од овластена фирма.

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

**За било каква комуникација контактирајтего го Министерството за животна средина и просторно планирање на следната адреса:**

**Бул.Гоце Делчев бр.18 Скопје, Република Македонија**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

# Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање {Бр.} | Добиено | |
| Барање бр.11-7318/1 | 25.12.2007 | Доставеното барање имаше недостатоци |
| Известување бр.11-5982/1 до Институциите за Барањето бр.11-7318/1 | 27.06.2013 | Доставен е примерок од Барањето бр.11-7318/1 до Министерство за здравство на РМ |
| Известување бр.11-5982/1 до Институциите за Барањето бр.11-7318/1 | 27.06.2013 | Доставен е примерок од Барањето бр.11-7318/1 до Министерство за земјоделство,шумарств о и водостопанство на РМ |
| Известување бр.11-5982/1 до Институциите за Барањето бр.11-7318/1 | 27.06.2013 | Доставен е примерок од Барањето бр.11-7318/1 до Општина Кисела Вода |
| Известување бр.11-5982/2 до Институциите за Барањето бр.11-7318/1 | 03.07.2013 | Доставен е примерок од Барањето бр.11-7318/1 до Град Скопје |
| Објава на Барањето за А-дозволата бр.11-5982/3 | 04.07.2013 | Објавено е барањето во дневен печат "Вечер" и "КОХА" и на web страницата на МЖСПП на ден 12.07.2013 |
| Записник бр.1311-5930 | 17.07.2013 | Направен Записник од увид |
| Мислење бр.11-5982/4 по однос на барањето бр.11-7318/1 | 22.07.2013 | Добиено мислење од Министерство за земјоделство,шумарств о и водостопанство на РМ |
| Барање за надополнување бр.11-5982/5 | 23.07.2013 | Напишан е Заклучок1 за надополнување податоци вобарањето |
| Мислење бр.11-5982/6 по однос на барањето бр.11-7318/1 | 01.08.2013 | Добиено мислење од Град Скопје, |
| Мислење бр.11-7318/2 по однос на барањето | 13.08.2013 | Добиено мислење од Министерство за здравство |
| Дополнување на барањето бр.11-7858/1 | 30.08.2013 | Добиено дополнување на барањето од Операторот |
| Донесување Одлука за преговори бр.11-7858/2 | 04.10.2013 | Донесена е одлука за започнување на преговори по однос на Нацрт дозволата |

| | | |
|---|---|---|
| Одлука за отпочнување на преговори и формирање на тим за преговори бр.11-7858/1 | 04.10.2013 | Определен е тимот кој ќе учествува во преговорите од страна на МЖСПП |
| Објава на Нацрт Дозволата бр.11-9611/1 | 17.10.2013 | Објавена е Нацрт дозволата во весникот"Вечер"и "Коха"и на web страната на МЖСПП |
| Покана за прв состанок за преговори бр.11-7858/3 | 28.11.2013 | Доставена покана до ДППУ Хромос-Пестициди ДОО Скопје |
| Записник 1 од одржани преговори бр.11-7858/4 | 11.12.2013 | Доставен Записник до Операторот |
| Записник бр.1311-554 од завршен увид | 17.01.2014 | Извршен е завршен увид на инсталацијата |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола

**{Бр.}**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник бр.53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 51/2011, 123/2012 и 93/2013), го овластува

**ДППУ"ХРОМОС-ПЕСТИЦИДИ",Зоран Догазански и др.ДОО увоз-извоз Скопје** ("Оператор"),

со регистрирано седиште на

Адреса: **ул.Даме Груев бр.5/3**

Поштенски број Град: **1000 Скопје**

Држава: **Република Македонија**

Број на регистрација на компанијата: **4131908**

да раководи со Инсталацијата

Цело име на инсталацијата: **Друштво за производство. промет и услуги"ХРОМОС-ПЕСТИЦИДИ",Зоран Догазански и др. ДОО увоз-извоз Скопје**

Адреса: **Пат за Батинци бб-Скопје**

Поштенски број Град: **1000 Скопје**

во рамките на дозволата и условите во неа.

М И Н И С Т Е Р

**Abdilaqim Ademi**

Датум

# Услови

# 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| Табела 1.1.1(а) основна активност | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Хемиски инсталации за производство на основни производи за заштита на растенија и биоциди | Производство и пакување на течни и прашкасти производи на инсектициди, фунгициди,хербициди и слични производи | Проектиран капацитет:<br>800 т/г.за прашкасти,<br>600т/г.за течни производи |
| Табела 1.1.1(б) основни придружни активности | | |
| **Активност** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Лабораторија | Следење на квалитетот на суровините и на готовите производи | Квалитетот на сите форми на производи |
| Складирање и ракување со суровините | Транспорт,складирање и ракување со суровината | Од магацинот за суровини до производните погони |
| Складирање и ракување со готовите производи | Складирање и ракување со готовите производи | Од производните погони до магацинот за готови производи |

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документација |
| Мапа на локацијата Хромос – Пестициди доо Скопје | 21,497685 E, 41,934269 N |



1.1.3 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 54/11, 123/12 и 93/13) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола.Сите програми кои треба да се изготват според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

**Табела 2.1.1 : Управување и контрола**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
|---|---|---|
| Организациона структура | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје III | 25.12.2007 |
| Изјава за квалитет | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје III | 25.12.2007 |
| Изјава за политика на животна средина | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје III | 25.12.2007 |
| Потврда за овластен застапник на SYNGENTA-Швајцарија | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје III | 25.12.2007 |
| Лабораторија за проверка на квалитетот на производите | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје III1.1 | 25.12.2007 |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата,ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

2.1.4 Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

2.1.6 Операторот ќе ангажира соодветно квалификуван и искусен менаџер на инсталацијата кој ќе биде назначен како одговорно лице.Менаџерот на инсталацијата или номинираното соодветно квалификувано искусно лице,во улога на заменик,треба да биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.7 Операторот ќе се придржува кон исполнување на условите за работа со хемикалии согласно Законот за хемикалии и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика.

2.1.8 Операторот ќе се придржува кон обезбедување на услови и безбедност на работа на вработените согласно Законот за безбедност и здравје при работа и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упаствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема.Составен дел на програмата ќе бидат сите сочувани записи и контролни тестирања.

2.1.10 Операторот треба јасно да ја лоцира одговорноста за планирање,управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Листа на суровини и материјали | Барање и Прилог кон Барањето, ПоглавјеIV,тб. IV.1.1 и тб. IV1.2 | 25.12.2007 |
| Листа на суровини и материјали | Дополнување на барањето бр.11-7858/1, тб. IV.1.1 и тб. IV1.2 | 30.08.2013 |

2.2.2 Операторот ќе го извршува складирањето на сите суровини, меѓупроизводи и готови производи согласно условите за складирање.(Барање бр. 11-7318/1 од 25.12.2007 год. Поглавје II,IV и V)

2.2.3 Просториите за складирање на опасните суровини и производи ќе бидат јасно означени со немање пристап на неовластени лица.

2.2.4 Операторот ќе обезбеди согласности и дозволи потребни од надлежни институции за складирање на суровини од запалив карактер.

2.2.5 Операторот ќе обезбеди безбедносни листови за сите хемикалии кои ги употребува во инсталацијата.

## 2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

**Табела 2.3.1 : Техники на работа**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
|---|---|---|
| Технолошка линија за производство на течни производи | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје II | 25.12.2007 |
| Технолошка линија за производство на прашкасти производи | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје II | 25.12.2007 |
| Лабораторија за проверка на квалитетот на производите | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје II | 25.12.2007 |
| Котлара за загревање на објектот | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје II | 25.12.2007 |
| Компресорска станица | Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје II | 25.12.2007 |

2.3.2 Пред производство на било кој производ, операторот треба да достави извештај до Надлежниот орган во кој се наведени процесите што ќе бидат применети како и користените техники за минимизирање на влијанието врз медиумите на животната средина.

2.3.3 Операторот ќе врши редовна контрола на резервоарите,садовите под притисок и сите цевководи во временски периоди согласно законската регулатива која ја третира оваа проблематика за секој вид поединечно.

2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи | Барање и Прилог кон Барањето,Поглавје V.1 | 25.12.2007 |
| Привремено одлагање на отпадот во кругот на инсталацијата | Барање и Прилог кон Барањето,Поглавје V.2.1, | 25.12.2007 |
| Привремено одлагање на отпадот во кругот на инсталацијата | Дополнување на барањето бр.11- 7858/1, тб.V.2.1 | 30.08.2013 |

2.4.2 Суровините,меѓупроизводите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа,соодветно заштитени од истурање и истекување како и заштита од надворешни влијанија а со цел превенција од загадување на животната средина.Материјалите треба да се јасно означени и содветно одделени.

2.4.5 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа и соодветно заштитени од истурање и истекување.

2.4.6 Преточувањето и складирањето на запаливите течности ќе се извршува согласно законската регулатива која ја третира оваа проблематика.

2.4.7 Целиот простор за складирење во резервоари и буриња треба да биде обезбеден со заштитни базени за прифаќање на евентулно истекување

2.4.8 Сите влезни и излезни приклучоци како и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на заштитниот базен.

2.4.9 Целокупното истекување од заштитнот базен ќе се третира како

опасен отпад се додека Операторот не покаже дека е поинаку. Целиот течен отпад понатаму ке се третира согласно договорот на постапката за превземање од овластената фирма.

2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Управување со цврст и течен отпад | Барање и прилог кон барањето,Поглавје V.2 | 25.12.2007 |
| Количини и начин на управување со друг вид на отпад | Поглавје V ,Тб. V 2.2 | 25.12.2007 |
| Количини и начин на управување со опасен отпад | Дополнување на барањето бр.11-7858/1, тб.V.2.1 | 30.08.2013 |

| Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Водени раствори за миење и матични раствори | Дефиниран простор | Во непропуслив базен таложник | Времено до превземање од овластена фирма |
| Мил од третирање на отпадни води во самиот погон што содржи опасни супстанци | Дефиниран простор | Во непропуслив базен таложник | Времено до превземање од овластена фирма |
| Отпад во цврста состојба што содржи опасни супстанции | Дефиниран бетониран простор | Под настрешница II | Времено до превземање од овластена фирма |
| Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци | Дефиниран бетониран простор | Под настрешница II | Времено до превземање од овластена фирма |
| Апсорбенски филтерски материјали,платна за бришење,заштитна облека загадени со опасни супстанции | Дефиниран бетониран простор | Под настрешница II | Времено до превземање од овластена фирма |
| Пластични шишиња | Дефиниран простор | Под настрешница | Времено до превземање од ЈП Дрисла |
| Метализирана фолија | Дефиниран простор | Под настрешница | Времено до превземање од ЈП Дрисла |
| Картони | Дефиниран простор | Под настрешница | Времено до превземање од ЈП Дрисла или Комуна |
| Лимени буриња | Дефиниран простор | Под настрешница | Времено до продажба, доколку не се контаминирани |
| Комунален отпад | Дефиниран простор | Контејнер | Го превзема ЈКП Комунална хигиена |

2.5.2 Отпадот ке се складира времено на места определено за таа намена соодветно заштитено од истекување и прелевање на течности.Отпадот јасно ке се означи и соодветно ќе се оддели опасниот од друг вид отпад.

2.5.3 Доколку не е одобрено во писмена форма од страна на Надлежниот орган на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со неопасен отпад.

2.5.4 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго место,соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно националните,Европските и било кои други стандарди кои се на сила со таквото означување.

2.5.5 Операторот со своето делување треба да ги задоволи обврските согласно чл. 26 од Законот за управување со отпад (Сл.в.бр.09/2011).

2.5.6 Опасниот отпад не смее да се складира на локацијата подолго од 6 (шест) месеци

2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Управување со цврст и течен отпад | Барање и прилог кон барањето, Поглавје V.2 | 25.12.2007 |
| Отпад-Одложување на неопасен отпад | Барање и прилог кон барањето Тб.V.2.2 | 25.12.2007 |
| Отпад-Одложување на опасен отпад | Дополнување на барањето бр.11-7858/1, тб.V.2.1 | 30.08.2013 |
| Записник за уништување – депонирање на отпад со ЈП Комунална хигиена | Барање и прилог кон барањето, Поглавје V.2 | 25.12.2007 |
| Договор со овластен превземач за остранување на опасен отпад,со прилог Дозволи | Дополнување на барањето бр.11-7858/1,Прилог V, | 30.08.2013 |

2.6.2 Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за отстранување или повторна употреба ќе се транспортира само од овластено лице.Отпадот ќе се транспортира од местото на активноста до местото за отстранување или повторна употреба само на начин кој нема да влијание врз животната средина и е во согласност со соодветната национална легислатива и протоколи.

2.6.3 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време.Оваа евиденција треба да ги содржи минимум следните детали:
-Имиња на превземачот и транспортерите на отпадот,
-Имињата на лицата кои се одговорни за крајно одлагање/рециклирање на отпадот,
-Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата.

2.6.4 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на податоците кои се содржани во Табелата 2.6.1.Ова известување ќе се врши квартално, доколку за тоа има потреба.

2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| **Табела 2.7.1 : Енергетска ефикасност** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Технички делови на инсталацијата и нејзини поврзани технолошки активности | Барање и прилог кон барањето, Поглавје .II и Поглавје IV | 25.12.2007 |

2.7.2 Операторот треба да има план за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.3 Операторот треба со годишните извештаи до надлежниот орган да дава информација за постигнатиот напредок во делот на енергетската ефикасност.

2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот | Барање и Прилог кон Барањето. Поглавје VIII.1 | 25.12.2007 |
| Мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот | Барање и Прилог кон Барањето. Поглавје VIII.2 | 25.12.2007 |
| Превентивни мерки за спречување несреќи и итно реагирање | Барање и Прилог кон Барањето. Поглавје XII. | 25.12.2007 |

2.8.2 Операторот е должен да ги превземе сите мерки неопходни за спречување на хавариите и за ограничување на нивните последици врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето и за превземените мерки да го известува Надлежниот орган.

2.8.3 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:
-Го изолира изворот на било какви емисии,
-Да ги идентификува и да ги спроведе мерките за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат,
-Забележи датумот и местото на несреќата,
-Го извести надлежниот орган и другите заинтересирани страни.

2.8.4 Во рок од 1(еден) месец од несреќата Операторот треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган.Предлогот има за цел да:
-Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата.

2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Емисии на бучава | Барање и прилог кон барањето, Поглавје VI.5 | 25.12.2007 |
| Збирна листа на изворите на бучава | Барање и Прилог кон барањето, Табела VI.5.1 | 25.12.2007 |
| Влијание на бучавата врз животната средина | Барање и прилог кон барањето, Тб VII.8.1 | 25.12.2007 |
| Емисии на вибрации | Барање и прилог кон барањето, Поглавје VI.6 | 25.12.2007 |

2.9.2 Операторот треба да превземе мерки за усогласување на активностите на местата каде се создава бучава со потребите и со задоволување на нормите регулирани со законските акти.

2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.10.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Мониторинг на емисии | Барање и Прилог кон барањето,Поглавје IX | 25.12.2007 |
| Мерни места за земање на примероци | Барање и Прилог кон барањето,Тб. IX.1.1 | 25.12.2007 |

2.10.2 Ќе обезбеди:

**а** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

**б** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Земањето примероци и анализа на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите.доколку овие стандарди не се достапни ќе се користат ISO,национални или други меѓународни стандарди.

2.10.4 Мониторингот на сите медиуми во животната средина ќе се врши во период кога Инсталацијата е оперативна и од страна на овластени институции и акредитирани лаборатории.

2.10.5 Операторот се задолжува постојано да ги доставува резултатите од мониторингот до Надлежниот орган

2.11 Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.11.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XIII | 25.12.2007 |

2.11.2 Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работа на инсталацијата од страна на операторот ќе се врши согласно чл.120 од Законот за животна средина.

2.11.3 Финансиски одредби

2.11.3.1 Операторот треба да плати надоместок за поседување на дозволата пресметан од страна на Надлежниот орган согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат инсталациите за кои е потребно издавање на дозвола за усогласување со оперативен план.

Овој надоместок е независен од трошоците кои треба да ги покрие операторот за вршење мониторинг по барање на Надлежниот орган а

во согласност со Законот за животна средина .За годината за која се издава дозволата операторот е должен да плати висина пропорционална од денот на издавањето до 31.12. истата година. Операторот е должен оваа висина на надоместокот да ја плати во рок од еден месец од датумот на издавањето на Дозволата.

2.12 Инсталации со повеќе оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава дозвола управува само еден оператор.

или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата (“Специфицирана Документација”) ќе содржи податоци за:

**а** секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

**а** Специфицираната документација;

**б** Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата (“Други документи”).

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а** да бидат читливи;

**б** да бидат направени што е можно побрзо;

**ц** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

**а** Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

**б** најдобра проценка на создадената количина отпад;

**ц** трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

**д** најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

**а** во однос на наведени емисиони точки;

**б** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

**ц** давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

**д** испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од .....

4.1.3 Операторот ќе достави известување до Надлежниот орган за системите во кои се присутни опасни супстанции кој ќе биде дел од ГИЖС

4.1.4 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од институцијата.

4.1.5 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган(до 31-ви Март) секоја година ГИЖС кој ја покрива предходната календарска година.Овој извештај треба да вклучи како минимум информации специфицирани во следната Табела. Годишниот извештај за Животната средина од оваа Дозвола треба да се подготви со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот орган.

4.1.6 Годишниот извештај за животна средина ќе го содржи следното:

| Годишен извешај за животна средина.Содржина |
|---|
| Емисии од инсталацијата (поднесување на РИПЗМ+согласност со ГВЕ),<br>Преглед на потрошувачка на суровини,<br>Преглед на забелешки(жалби/поплаки),<br>Материјален биланс за употребена вода и масла,<br>Извештај за тестирање и инспекција на резервоари, садови под притисок и цевководи,<br>Извештај за управување со отпад,<br>Известување за присуство на опасни супстанции<br>Програма за управување со животна средина-извештај од предходна година,<br>Програма за управување со животната средина-предлог за тековната година,<br>Извештај за мониторингот на животната средина,<br>Регистар на загадувачки емисии-извештај од предходната година,<br>Регистар на загадувачки емисии-предлог за тековната година,<br>Извештај за мониторинг на бучава,<br>Преглед на пријавени инциденти,<br>Извештај за енергетска ефикасност,<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад,<br>Извештај за финансиски обврски предмет на оваа дозвола<br>Извештај за информирање на јавноста за конкретната година,<br>Преглед на планот за управување со резидиум/Затварање,реставрација и план за управување со грижата на локацијата по нејзино затварање(секои пет години),<br>Изјава за мерките во врска со превенција на штета врз животната средина и корективни мерки(Обврски кон животната средина),<br>Сите други прашања специфицирани од страна на Надлежниот орган |

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

**а** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**ц** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**д** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

**а** перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

**б** престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**ц** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**iii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Број според мапата)

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| А1 | Испуст од котел | E 21,497491<br>N 42,934577 |
| А2 | Испуст од систем за отпрашување од производна линија за прашкасти производи | E 21,497336<br>N 41,934523 |
| А3 | Испуст од систем за отгасување од производна линија за течни производи | E 21,497336<br>N 41,934523 |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2.1;6.1.2.2и 6.1.2.3 на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведениво тааТабела.

6.1.5 Граничните вредности на емисиите во атмосферата во оваа дозвола

треба да се интерпретираат на начин даден во Правилник за ГВ за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарни извори во воздухот.(Сл.весник на РМ бр.141/10)




Ситуација на инсталацијата со прикажан распоред на мерните места на емисии во воздух(означено со А1 до А3)

| Табела 6.1.2.1 : Граници на емисиите во воздухот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија: А1-Испуст од парен котел** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Проток: | 661,39 $Nm^3/h$ ; Висина на испустот: 15м. | | |
| | Од датум на издавање на Дозволата | ГВЕ за согорување во ложишта со топлотна моќност до 1 MW | |
| МКС.М.Е6.120 | | Согласно условите наведени во стандардот. | Постапување според стандардот |
| Чаден број | | 2* | |

*Тешко масло за ложење за кое важи стандардот МКС В.Н8.270

6.1.5 Операторот ќе врши испитување односно контрола на котелот согласно техничкото упатство од производителот и законските акти кои ја регулираат оваа проблематика.

| **Табела 6.1.2.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија: А2-Испуст од систем за отпрашување од производна линија за прашкасти производи** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Проток: | 6.466,28 $Nm^3/h$ ; Висина на испустот: 7м. | | |
| | До датум на издавање на Дозволата | Концентрација ( $mg/m^3$ ) ГВЕ | |
| Прашина | | 5 | квартално |

| **Табела 6.1.2.3 : Граници на емисиите во воздухот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија: А3-Испуст од систем за отгасување од производна линија за течни производи** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Проток: | 6.605,49 $Nm^3/h$ ; Висина на испустот: 7м. | | |
| | До датум на издавање на Дозволата | Концентрација ( $mg/m^3$ ) ГВЕ | |
| Ксилен –$C_8H_{10}$ | | 100 $mg/m^3$ - за емитиран масен проток до 2 kg/h | Два пати годишно |
| Толуен- $C_7H_8$ | | 100 $mg/m^3$ - за емитиран масен проток до 2 kg/h | Два пати годишно |
| Циклохексанон- $C_6H_{10}O$ | | 100 $mg/m^3$ - за емитиран масен проток до 2 kg/h | Два пати годишно |
| Хлор-$Cl_2$ | | 5 $mg/m^3$ -за емитиран масен проток над 50 g/h | Два пати годишно |

6.1.6 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.7 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.8 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.1.9 Операторот треба да гарантира дека сите операции што ќе се изведуват на локацијата, ќе се изведуваат на начин што ќе обезбеди емисиите во воздухот, вклучително и прашината, да не предизвикуваат нарушување на животната средина надвор од границите локацијата.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Операторот ќе извести Надлежниот орган за секоја промена во работењето која може да има влијание и емисии во почвата.

6.2.2 Не се дозволува влијание на почвата од привременото складирање на опасен отпаден материјал, до и за време на неговото превземање од овластено лице.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

6.3.2 Превземањето и преносот на отпадните технолошки води од бетонскиот базен до крајната дестинација ќе се врши исклучиво од овластена фирма со која Операторот ќе има склучено Договор.

6.3.3 Операторот е должен да извршени мерења на физичките и хемиските својства на технолошките отпадни води пред секое превземање од овластената фирма.

6.3.4 Земањето примероци и анализа на параметрите од технолошките отпадни води ќе го врши исклучиво акредитирана надворешна лабораторија.

6.3.5 Операторот треба да води Извештај за датата на превземање, количината како и анализата за физичкиот и хемиски состав на отпадните води.

| Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија.** | **Извор** | **Количество** |
| W1 | Од перење на опремата во технолошкиот процес | E:21,49802<br>N:41,93428<br>Во собирен бетонски базен до превземање од овластена фирма |

6.3.6 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.7 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

6.3.8 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и со фрекфенции наведени во таа Табела доколку е запазен условот.

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода доколку се испушта во Маркова река** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија:Пред влез во рецепиент** | | |
| Параметар | ГВЕ | Фреквенција на мониторинг |
| pH | 6,5-6.3 | континуирано |
| Температура $^{0}C$ | 30 | континуирано |
| Растворен кислород mg/l$O_2$ | 7,99-6,00 | Месечно |
| БПК$_5$ mg /l $O_2$ | 2,01-4,00 | Месечно |
| ХПК mg /l $O_2$ | 2,51-5,00 | Месечно |
| Вкупен органски јаглерод mg/lC | 2,51-4,20 | Месечно |
| Суспендирани материи mg/l | 10-30 | Месечно |
| Фосфор вкупен P µg/l | 4-7 | Месечно |
| Азот вкупен N µg/l | 200-325 | Месечно |
| Хром вкупен µg/lCr | 50 | Месечно |
| Хром шестовалентен µg/l$Cr^{6+}$ | 10 | Месечно |
| Хлор µg/l$Cl_2$ | 2 | Месечно |
| Нитрати µg/l N | 10000 | Месечно |
| Нитрити µg/l N | 10 | Месечно |
| Сулфиди -вкупни µg/l$S^{+2}$ | 2 | Месечно |
| Толуен µg/l | 50 | Месечно |
| Ксилени µg/l | 50 | Месечно |
| Циклохексанол µg/l | 20 | Месечно |
| Заеднички критериум за останатите органохлорно пестициди µg/l | 0,01 | Месечно |
| Заеднички критериум за останатите органофосфорни и карбаматни пестициди µg/l | 0,1 | Месечно |

6.3.9 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.10 Операторот ќе врши потребен третман на технолошките отпадни води пред нивно испуштање во реципиентот за задоволување на дадените ГВЕ во тб.6.3.2

6.3.11 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Тб. 6.3.2 и за атмосферските води кои преку цевковод се испуштаат во Маркова река, со фреквенции 2 (два) пати во текот на годината.

6.3.12 Доколку во период од 2 (две) години по издавање на Дозволата условот од т.6.3.11 ги задоволува ГВЕ дадени во табелата 6.3.2, нема да има понатамошни мерења.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| | | |
| | | |

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодвествуваат на оние од прифатениот оперативен план од поглавјето 9 од оваа дозвола.

| Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија 1** | | **Точка на емисија 2** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | | | | | |

Операторот ќе врши мониторинг на параметрите неведени во табела 6.4.3 а и 6.4.3б, на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

| Табела 6.4.3а Барања за мониторинг на канализација ( се до и вклучувајќи_______________) | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | {Наведи ја фреквенцијата и начинот} | - |
| | | - |

| Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација (од _______________) | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | | - |

6.4.4 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.4.5 Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

## 6.5 Емисии на топлина

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисии на бучава на граници на локацијата (дадени на мапата)треба да се во согласност со стандардите пропишани со национално законодавство (Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните Сл.весник на РМ бр.01/2009 год)

| Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава | Ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Подрачје од четврти степен | 70 | 70 | 60 |

.

6.6.2 Операторот ХРОМОС ПЕСТИЦИДИ доо Скопје припаѓа на подрачје од четврти степен,диференцирано според степенот на заштита.

6.6.3 Операторот редовно ќе го следи и контролира нивото на бучава.

6.6.4 Вибрации

Нема регистрирано вибрации во кругот на инсталацијата.




Мерни места на бучава

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1 ХРОМОС ПЕСТИЦИДИ ДОО Скопје има склучено Договор бр.152 од 12.12.2011 година со Друштвото за заштита на животна средина ЕКО_ТЕАМ ДОО Скопје , за обезбедување услуги во заштита на животната средина и Изјава од ЕКО-ТЕАМ бр.РИО-337/13 од 25.12.2014 год.за крајна дестинација на неопасен/опасен отпад.

# 8 Услови надвор од локацијата

8.1 Операторот е должен во случај на нарушување на амбиенталниот воздух во околината со непосредно влијание од неговата активност ,како резултат на отстапување од вообичаените атмосферски движења,да превземе соодветни мерки во процесот на производство а со цел намалување на создаденото загадување.

# 9 Оперативен план

9.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 9.1.1 : Оперативен план | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| Активност бр.1 | Инсталирање на вакум правосмукалка<br>Предвидена дата на почеток на реализација: 2008 год.<br>Вредност на инвестицијата: 3.000 EUR | Реализирана |
| Активност бр.2 | Инсталирање на нова машина-пакерица за пакување на прашкасти производи со тежина до 1000 g.<br>Предвидена дата на почеток на реализација: 2008 год.<br>Вредност на инвестицијата: 12.000 EUR | Реализирана |
| Активност бр.3 | Приклучување на Инсталацијата на градски водовод<br>Предвидена дата на почеток на реализација: 2008 год.<br>Вредност на инвестицијата: 3.000 EUR | Реализирана |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе í даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период на поднесување извештаи** |
| Годишен извештај за Животна средина | Годишно | До 31-ви март секоја година |
| Евиденција на инциденти | Како што се случуваат | Во рок од 5 (пет) дена од инцидентот |
| Мониторинг на квалитетот на воздухот | Квартално | 1о (десет дена) по истекот на кварталот за кој се поднесува извештајот |
| Мониторинг на квалитетот на отпадната вода во бетонската јама | Согласно точка 6.3.3 од поглавје 6.3 | 10 (десет)дена по превземањето. |
| Мониторинг на квалитетот на отпадната вода | Месечно* | 1о (десет дена) по истекот на месецот за кој се поднесува извештајот |
| Мониторинг на квалитетот на атмосферската вода | Два пати годишно** | 1о (десет дена) по истекот на мерењето за кој се поднесува извештајот |
| Ревизија на енергетска ефикасност | Годишно | До 31-ви март секоја година |

*Доколку отпадната вода се испушта во Маркова река.

**Во првите две години од издавање на дозволата.